**Совет за одржливо стопанисување со шумите во Република Македонија** **PEFC BS 01:2021**

**Institute for forest certification in Slovenia**

**Association of private forest owners “Naša Šuma”**

# Опис на PEFC Балкански систем за сертификација на шуми

Име на документ: Опис на PEFC Балкански систем за сертификација на шуми

Ознака на документ: PEFC BS 01:2021

Одобрено од:
The Council for SFM in Macedonia

Institute for forest certification in Slovenia

Association of private forest owners “Naša Šuma”

**Претставување на Балкански систем за сертификација на шуми**

Овој документ ја опишува содржината на PEFC Балкански систем за сертификација на шуми (БССШ).

Водечки принципи во стопанисување со шумите во Словенија, Северна Македонија и Босна и Херцеговина се критериумите и индикаторите за одржливо стопанисување со шумите (ОСШ) донесени од Forest Europe на кои се базирани и глобалните одредници на PEFC за одржливост.

Пристапот на PEFC да дозволи вградување на спецификите на земјите во националните системи за сертификација на шумите во согласност со глобалните одредници за ОСШ на PEFC се прифатени од голем број на засегнати страни во трите земји.

PEFC Балканскиот систем за сертификација на шуми (БССШ) е во согласност со легислативата која се однесува на стопансувањето со шумите и заштита на природата, сопственичката структура, системот на планирање во шумарството, методологијата за собирање и обработка на податоци во шумарството и со други документи кои се применливи во трите земји.

БССШ во моментот се применува во три земји од Балканскиот регион: Словенија, Северна Македонија и Босна и Херцеговина.

БССШ може да им послужи и на други членки на PEFC кои припаѓаат или граничат со Балканскиот регион и имаат желба да се приклучат на истиот, доколку се решат да ги прифатат принципите на БССШ и да ја усвојат системската документација, покрај националниот стандард за ОСШ.

БССШ ги поддржува напорите на новите земји кои сакаат да се приклучат кон истиот и со тоа да придонесат кон глобалните напори на PEFC за одржливо стопанисување со шумите во светот.

**Содржина**

PEFC Балканскиот систем за сертификација на шуми ги вклучува следните документи:

- **PEFC BS 01:2021,** Опис на PEFC Балкански систем за сертификација на шуми
- **PEFC BS 02:2020,** Процедури за развој и ревизија на стандарди
- **PEFC MK 03:2021,** PEFC Национален стандард за одржливо стопанисување со шумите во Северна Македонија
- **PEFC SL 03:2021,** PEFC Национален стандард за одржливо стопанисување со шумите во Словенија
- **PEFC B&H 03:2021,** PEFC Национален стандард за одржливо стопанисување со шумите во Босна и Херцеговина
- **PEFC BS 04:2021,** Процедури за сертификација и акредитација
- **PEFC BS 05:2021,** Нотификација на тела за сертификација за извршување на сертификација за Ланец на надзор на производи од шума и Одржливо стопанисување со шуми
- **PEFC BS 06:2021,** Правила и процедури за групна сертификација на шуми
- **PEFC BS 07:2021,** Процедури за издавање на дозвола за употреба на PEFC трговска марка
- **PEFC BS 08:2020,** Процедури за жалби и поплаки
- **PEFC ST 2001:2020,** PEFC Trademark Rules - Requirements

- **PEFC ST 2002:2020,** Chain of Custody of Forest and Tree Based Products - Requirements
- **PEFC ST 2003:2020,** Requirements for Certification Bodies operating Certification against the PEFC International Chain of Custody Standard

**Цел на Балканскиот систем за сертификација на шуми (БССШ)**
Целта на БССШ е да придонесе кон севкупен развој и придонес на шумарскиот сектор во земјите кои припаѓаат на овој систем и во исто време да ги исполнат глобалните напори за намалување на климатските промени, заштита на природата, одржување на екосистемските услуги од шумите и развој на заедниците.

**Процес на создавање на Балканскиот систем за сертификација на шуми**
Иницијативата за создавање на БССШ беше создадена на состанокот на повеќе ентитети кои даваа поддршка за создавање на PEFC системи во нивните земји, одржан во Хрватска, во февруари 2018 година. Поддржувачите на PEFC од Бугарија, Северна Македонија, Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина ги разменија своите видувања за развој на PEFC во нивните земји, со што идејата за изработка на БССШ како помошна алатка за да се обезбеди одржливост на PEFC процесите во земјите беше позитивно оценета.

Три претставници од земјите присутни се решија да учествуваат во овој процес: Словенија, Северна Македонија и Босна и Херцеговина.

**Методи за сертификација на одржливо стопанисување со шумите (ОСШ) според БССШ**
Водечки принципи во сертификација за ОСШ се: не-дискриминација, ефикасност во смисла на трошоци и доброволно учество.

Балканскиот систем за сертификација на шуми предвидува два методи на сертификација:
1. Индивидуална и
2. Групна

Во поглед на горенаведените методи, предвидено е за сертификација да може да аплицираат:
1. Авторизиран претставник на групата и
2. Сопственик на шумата или авторизиран менаџер на шумата.

**Учесници во PEFC сертификација за ОСШ и/или Ланец на надзор на производи од шума**
Во согласност со барањата на БССШ, следните тела или индивидуи партиципираат во системот при процесите на сертификација:

- Националното тело за управување (НТУ) кое учествува во БССШ;
- Тело за акредитација (ТА);
- Тело за сертификација (ТС);
- Апликанти за сертификација;

<u>НТУ кои се дел од БССШ</u>
Постојат три НТУ кои зе авторизирани од страна на Советот на PEFC и менаџираат со БССШ:

1. Совет за одржливо стопанисување со шумите во Република Македонија
2. Institute for forest certification in Slovenia
3. Association of private forest owners “Naša Šuma”, Bosnia and Herzegovina

<u>Тело за акредитација, тело за сертификација и ревизори</u>

Процедурите за акредитација и сертификација се детално опишани во документот PEFC BS 04:2021.

Телото за сертификација е независно тело кое акредитирано од Национално тело за акредитација за ревизија на спроведување на барањата на PEFC Standard for Sustainable Forest Management (PEFC MK 03:2021; PEFC SL 03:2021; PEFC B&H 03:2021) и/или Chain of Custody of Forest and Tree Based Products - Requirements (PEFC ST 2002:2020).

Барањата за ревизори за Sustainable Forest Management и/или Chain of Custody of Forest Based Products се дадени во документите PEFC BS 04:2021 и PEFC ST 2003:2020.

Апликант за сертификат

Во поглед на методите за сертификација на ОСШ, апликантите може да бидат авторизиран претставник на група или сопственик на шума или авторизиран менаџер на шума.

Барањата кои треба да ги исполни апликантот за ОСШ се дадени во документите PEFC MK 03:2021; PEFC SL 03:2021; PEFC B&H 03:2021.